# ПАТОКАЗ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ ВО ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## 1

**Проценка на тековната состојба. Проценката на тековната состојба се состои од следните препорачани чекори:**

• Спроведување на сеопфатна проценка во рамките на претпријатието за да се идентификуваат потенцијалните ризици и ранливости од корупција;
• Оценка на постојните антикорупциски политики, процедури и контроли во рамките на претпријатието;
• Утврдување на основните податоци за тековни случаи и пријави за корупција, друго незаконско и неетичко однесување во претпријатието и нивното влијание врз работењето и угледот на претпријатието.

## 2

**Зајакнување на законската рамка преку:**

• Преглед и подобрување на постојните прописи (законски и подзаконски акти), а поврзано со антикорупциски мерки во јавните претпријатија;
• Воспоставување на построги казни за случаите на корупција и подобрување на механизмите на заштита на укажувачите;
• Поттикнување на транспарентноста во јавните претпријатија со вклучување на построги одредби, пропратени со санкции, во прописите кои содржат барање за редовно објавување на финансиските извештаи, документите за јавни набавки и сите други документи за кои со закон или друг пропис претпријатието е должно јавно да ги објави;
• Поттикнување на вклучување на мерки и активности во однос на антикорупциските практики во јавните претпријатија во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

## 3

**Изработка и спроведување на Етички кодекс на јавното претпријатие кој:**

• На сеопфатен начин ќе ги опфати сите вработени со претпријатието, членовите на органите на претпријатието, ангажираните со договор на дело, практикантите и волонтерите;
• Ќе ги опфати сите специфични ризици од корупција, судирот на интереси, прием на подароци и други ризици од незаконско и неетичко однесување;
• Ќе вклучува обврска за спроведување на редовни програми за обука со цел да се едуцираат вработените за етичкиот кодекс и да се промовира културата на интегритет.

## 4

**Подобрување на транспарентноста и отчетноста преку:**

• Спроведување мерки за подобрување на транспарентноста во работењето на јавното претпријатие, вклучувајќи јавно објавување клучни информации за кои претпријатието е задолжено со закон;
• Креирање на функционална интернет страница, во која информациите ќе бидат лесно достапни до јавноста;
• Подобрување на капацитетите на овластените лица за одговор по барање за информации од јавен карактер;
• Создавање на посебни интерни процедури со кои ќе се предвиди јавно објавување на документи кои не спаѓаат во законската обврска за јавно објавување, но се од интерес за јавноста и постојано ажурирање на листата со документи кои јавно се објавуваат;
• Поттикнување на активното учество на граѓанските организации и медиумите во следењето и известувањето за корупцијата во државните претпријатија преку остварување на редовни консултативни средби и други форми за вмрежување.

## 5

**Зајакнување на внатрешната контрола и управувањето со ризикот:**

• Зајакнување на капацитетите на внатрешната ревизија и овозможување на нејзина независност и ефикасност во насока на зголемување на нејзините способности за надзор и контрола;
• Поттикнување на функционални органи на надзор - надзорен одбор на претпријатието;
• Зголемување на човечките капацитети вклучени во имплементација на систем за интегритет;
• Поттикнување на контролната улога која му припаѓа на основачот (Владата, Собранието, Советот на општината и Советот на Град Скопје) со цел примена на контролните механизми врз јавното претпријатие кои му припаѓаат согласно со закон

## 6

**Промовирање на заштитата на укажувачите преку:**

• Развивање и спроведување на сеопфатна политика за заштита на укажувачите со цел да се охрабрат вработените и засегнатите страни да пријават корупција без страв од одмазда;
• Воспоставување на сигурни и доверливи механизми за пријавување, како што се електронските форми и платформи на пријавување, за да се олесни пријавувањето на случаите на корупција, други незаконски и неетички дејствија, како и поттикнување на анонимизирано пријавување;
• Обезбедување дека пријавените случаи се навремено и темелно истражени и дека се преземаат соодветни дејствија против оние кои се вклучени во корупствни практики;
• Вложување во исполнување на техничките услови предвидени за работа на овластеното лице за прием и постапување по пријави од укажувачи;
• Јавно објавување на контакт податоците на овластеното лице за прием и постапување по пријави од укажувачи;
• Навремено доставување на извештаи до Државната комисија за спречување на корупција.

## 7

**Поттикнување на меѓународна соработка и размена на најдобри практики преку:**

• Соработка со различни релевантни меѓународни организации, со цел подобрен пристап до експертиза, ресурси и најдобри практики во напорите за борба против корупцијата;
• Учество во меѓународни иницијативи и форуми насочени кон борба против корупцијата во јавните претпријатија, споделување искуства и учење од успесите на другите земји;
• Вклучување во билатерални и мултилатерални договори со други земји за зајакнување на прекуграничната соработка во истрагата и гонењето на случаи на корупција во кои се вклучени јавните претпријатија.

## 8

**Следење и оценување на напредокот и детектирање на слабостите преку:**
• Воспоставување цврста рамка за мониторинг и евалуација за да се оцени ефикасноста на антикорупциските политики и практики што се спроведуваат во јавните претпријатија;
• Редовно преглeдување и ажурирање на патоказот врз основа на научените лекции и новите трендови во корупција, како и тековна и редовна комуникација и соработка со основачот на претпријатието (Владата, Собранието, Советот на општината, Советот на Град Скопје);
• Спроведување на надворешна периодична независна евалуација на транспарентноста и отчетноста на јавното претпријатие и процедурите за прием и постапување по пријави за корупција и друго незаконско и неетичко однесување, објавување на периодични извештаи за напредокот за одржување на транспарентноста и отчетноста, прикажувајќи ги достигнувањата и идентификувајќи области за подобрување;
• Вклучување на сите конституенти на јавното претпријатие (вработени, волонтери, практиканти, корисници на производи и услуги, лица ангажирани со договор на дело, добавувачи) во процесот на евалуација на антикорупциските практики и политики на претпријатието.

U.S. Embassy Skopje

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/ авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

# UDHËZUES PËR ZBATIMIN E POLITIKAVE DHE PRAKTIKAVE KUNDËR KORRUPSIONIT NË NDËRMARRJET PUBLIKE

## 1

**Vlerësimi i gjendjes aktuale. Vlerësimi i gjendjes aktuale përbëhet nga hapat e rekomanduar, si vijon:**

- Zbatimi i vlerësimit gjithëpërfshirës në kuadër të ndërmarrjes që të identifikohen rreziqet dhe dobësitë e mundshme të korrupsionit;
- Vlerësimi i politikave ekzistuese kundër korrupsionit, procedurave dhe kontrolleve në kuadër të ndërmarrjes;
- Përcaktimi i të dhënave bazë për rastet aktuale dhe raportimet për korrupsion, sjellje të tjera të paligjshme dhe jo etike në ndërmarrje dhe ndikimi i tyre në funksionimin dhe reputacionin e ndërmarrjes.

## 2

**Forcimi i kuadrit ligjor nëpërmjet:**

- Rishikimi dhe përmirësimi i dispozitave ekzistuese (ligjore dhe nënligjore), lidhur me masat kundër korrupsionit në ndërmarrjet publike;
- Vendosja e dënimeve më të rrepta për rastet e korrupsionit dhe përmirësimi i mekanizmave për mbrojtjen e denoncuesve;
- Inkurajimi i transparencës në ndërmarrjet publike duke përfshirë dispozita më të rrepta, të shoqëruara me sanksione, në dispozitat që përmbajnë kërkesë për publikim të rregullt të raporteve financiare, dokumenteve për furnizime publike dhe të gjitha dokumenteve të tjera për të cilat ndërmarrja është e detyruar me ligj ose rregullore t'i publikojë publikisht;
- Inkurajimi i përfshirjes së masave dhe aktiviteteve lidhur me praktikat kundër korrupsionit në ndërmarrjet publike në Strategjinë Kombëtare për Parandalimin e Korrupsionit dhe Konfliktit të Interesit.

## 3

**Zhvillimi dhe zbatimi i Kodit Etik i ndërmarrjes Publike, i cili:**

- Në mënyrë gjithëpërfshirëse do t'i përfshijë të gjithë të punësuarit me ndërmarrjen, anëtarët e organeve të kompanisë, të punësuarit me kontratë në vepër, praktikantët dhe vullnetarët;
- Do t'i përfshijë të gjitha rreziqet specifike të korrupsion-it, konfliktin e interesit, pranimin e dhuratave dhe rreziqet e tjera të sjelljes së paligjshme dhe jo etike;
- Do të përfshijë detyrim për kryerje të programeve të rregullta të trajnimit për edukimin e të punësuarve për kodin etikë dhe të promovohet një kulturë e integritetit.

## 4

**Përmirësimi i transparencës dhe llogaridhënies nëpërmjet:**

- Zbatimit të masave për përmirësimin e transparencës në punën e ndërmarrjes publike, duke përfshirë publikimin e informacioneve të rëndësishme për të cilin ndërmarrja është e obliguar me ligj;
- Krijimit të faqes së internetit që është funksionale, në të cilën informa-cionet do të jetë lehtësisht të kapshme për publikun;
- Përmirësimit të kapaciteteve të personave të autorizuar për t'iu përgjigjur kërkesave për informacion të natyrës publike;
- Krijimin e procedurave të veçanta të brendshme që do të parashikojnë shpalljen publike të dokumenteve që nuk bien në detyrimin ligjor për shpallje publike, por janë me interes për publikun dhe përditësimi i vazhdueshëm i listës së dokumenteve që publikohen;
- Inkurajimin e pjesëmarrjes aktive të organizatave të shoqërisë civile dhe mediave në mbikëqyrjen dhe denoncimin e korrupsionit në ndërmarrjet shtetërore nëpërmjet mbajtjes së takimeve të rregullta konsultative dhe formave të tjera të rrjetëzimit.

## 5

**Forcimi i kontrollit të brendshëm dhe menaxhimit të rrezikut:**

- Forcimi i kapaciteteve të revizionit të brendshëm dhe mundësimi i pavarësisë dhe efikasitetit të tij në drejtim të rritjes së aftësive të tij për mbikëqyrje dhe kontroll;
- Inkurajimi i organeve funksionale mbikëqyrëse - bordi mbikëqyrës i ndërmarrjes;
- Rritja e kapaciteteve njerëzore të përfshira në zbatimin e sistemit të integritetit;
- Inkurajimi i rolit kontrollues që i takon themeluesit (Qeveria, Kuvendi, Këshilli i Komunës dhe Këshilli i Qytetit të Shkupit) me qëllim të zbatimit të mekanizmave të kontrollit në ndërmarrjen publike që i takojnë në pajtim me ligjin.

## 6

**Promovimi i mbrojtjes së denoncuesve nëpërmjet:**

- Zhvillimit dhe zbatimit të politikës gjithëpërfshirëse për mbrojtjen e denoncuesve për të inkurajuar punonjësit dhe palët e interesuara të denoncojnë korrupsionin pa frikë nga hakmarr-ja;
- Vendosja e mekanizmave të sigurt dhe të besueshëm për denoncim, siç janë format dhe platformat e denoncimit elektronik, për të lehtësuar denoncimin e rasteve të korrupsionit, akteve të tjera të paligjshme dhe jo etike, si dhe inkurajimin e denoncimit anonim;
- Sigurimi që rastet e denoncuara të hulumtohen menjëherë dhe rrënjësisht si dhe të ndërmer-ren veprimet e duhura kundër atyre që janë të përfshirë në praktika korruptive;
- Investim në plotësimin e kushteve teknike të parashikuara për punë të personit të autorizuar për pranim dhe veprim ndaj denoncimeve nga denoncuesit;
- Shpalljen publike të të dhënave të kontaktit të personit të autorizuar për pranim dhe veprim ndaj denoncimeve nga denoncuesit;
- Dorëzimi në kohë i raporteve në Komisionin Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit.

## 7

**Inkurajimi i bashkëpunimit ndërkom-bëtar dhe shkëmbimi i praktikave më të mira nëpërmjet:**

- Bashkëpunimit me organizata të ndryshme relevante ndërkombëtare, me qëllim të përmirë-simit të aksesit në ekspertizë, burimeve dhe praktikave më të mira në përpjekjet kundër korrupsionit;
- Pjesëmarrje në iniciativa dhe forume ndërkom-bëtare që synojnë luftimin e korrupsionit në ndërmarrjet publike, shkëmbimin e përvojave dhe mësimin nga sukseset e vendeve të tjera;
- Përfshirja në marrëveshje dypalëshe dhe shumëpalëshe me vende të tjera për të forcuar bashkëpunimin ndërkufitar në hetimin dhe ndjekjen penale të rasteve të korrupsionit që përfshijnë ndërmarrjet publike.

## 8

**Monitorimi dhe vlerësimi i progresit dhe zbulimi i dobësive nëpërmjet:**

- Krijimi i një kuadri të fuqishëm monitorimi dhe vlerësimi për të vlerësuar efektivitetin e politikave dhe praktikave kundër korrupsionit të zbatuara në ndërmarrjet publike;
- Kontrollimi i rregullt dhe përditësimi i udhërrëfyesit bazuar në mësimet e nxjerra dhe trendet e reja të korrupsionit, si dhe komunikim dhe bashkëpunim të vazhdueshëm dhe të rregullt me themeluesin e ndërmarrjes (Qeveria, Kuvendi, Këshilli i Komunës, Këshilli i Qytetit të Shkupit);
- Realizmi i evoluimit të jashtëm periodik të pavarur të transparencës dhe llogaridhënies së ndërmarrjes publike dhe procedurave për marrje dhe veprim të denoncimeve për korrupsion dhe sjellje të tjera të paligjshme dhe jo etike, publikimin e raporteve periodike të progresit për ruajtjen e transparencës dhe llogaridhënies, duke treguar arritjet dhe identifikimin e fushave për përmirësim;
- Përfshirja e të gjithë konstituentëve të ndërmarrjes publike (të punësuar, vullnetarë, praktikantë, përdorues të produkteve dhe shërbimeve, persona të angazhuar me kontratë në vepër, furnitorë) në procesin e vlerësimit të praktikave dhe politikave kundër korrupsionit të ndërmarrjes.


U.S. Embassy Skopje

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

Ky projekt është i mbështetur me grant nga Ambasada e SHBA-ve. Mendimet, zbulimet dhe konkluzionet ose rekomandimet e paraqitura këtu janë të implementuesve/autorëve dhe nuk i reflektojnë domosdoshmërisht ato të Qeverisë së SHBA-ve.